**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 26.06.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 3263 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

**1. Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:**

2.1. Друштво за новинарство и издаваштво МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, издавач на весникот „Битолски весник“;

2.2. Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазините „Unique“ и „Auto Focus“;

2.3. Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на магазинот „М Магазин/Авто плус“;

2.4. Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Економија и бизнис“;

2.5. Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Портрет“;

2.6. Друштво за производство, трговија и услуги МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип, издавач на весникот „Штипски глас“;

2.7. Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на магазините „Руски доктор“, „Убавина и здравје“ и „Добра храна“;

2.8. Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на магазинот „Порта3“; и

2.9. Културно здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на магазинот „Шења“.

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданието за месец април 2019 година на месечниот магазин „Порта3“ бр. 279;
- изданието за месеците април-мај 2019 година на месечниот весник „Штипски глас“ бр. 91;
- изданијата за месец мај 2019 година на месечните магазини „Добра храна“ бр. 3, „М Магазин/Авто Плус“ бр. 291 и „Unique “ бр. 113;
- изданието од 19 јуни 2019 година на неделниот весник „Битолски весник“ бр. 2820;
- изданијата за месец јуни 2019 година на месечните магазини „Auto Focus“ бр. 139, „Економија и бизнис“ бр. 251, „Портрет“ бр. 42, „Руски доктор“ бр. 39, „Убавина и здравје“ бр. 130 и „Шења“ бр. 98.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 26 јуни 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми е во целост исполнета кај сите печатени медиуми опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***